РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Примено: 7 - 8 - 2014
1707 - 177/1

До:
Наставно –научниот совет
При Економскиот факултет
Универзитет „Гоце Делчев"-Штип
Македонија
Република Македонија

Доц. Д-р Весна Танчева
Ул. Огражден 21
Струмица, Реп.

vesnatanceva@gmail.com
тел. 071/666-500

# ПРИГОВОР

Во врска со Рефератот од Рецензентската комисија за избор на еден кандидат во областа Менаџмент во Универзитетскиот билтен бр. 128, објавен од страна на Економскиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев од 22.07.2014 година го поднесувам овој Приговор на предлогот од Рецензентската комисија од следниве причини:

1. Имам поднесено пријава бр. 0401-31/2 на 04.02.2014 г. за областа Менаџмент на конкурсот од 01.02.2014 година со комплетно и навреме доставена документација до Економскиот факултет, а мојата пријава не е земена во предвид и никаде не се спомнува во рефератот;

2. Имам одбрането докторски труд на Економскиот институт на Универзитетот „Кирил и Методиј" во 2010 г. во Скопје со звање Доктор по економски науки, изгласана сум еднаш во звање Доцент по економски науки, а моите магистерски студии се во областа на Туристичкиот менаџмент со положени бројни испити во областа на општиот менаџмент (Основи на менаџмент, Финансиски менаџмент, Современи методи на управување и др. испити од последипломските студии) што значи дека го исполнувам и условот за соодветни квалификации во областа при изборот;

3. Имам работно искуство во високото-образование, самостојни научно-истражувачки трудови во трите области во кои гравитира моето работно и наставно-научно искуство и тоа во областа на економијата, менаџментот и туризмот, а моите досегашни достигнувања никогаш досега не биле евалуирани и соодветно вреднувани при изборот. Трудовите се поднесени при конкурирањето. При сеопфатна и детална анализа на моите научно-истражувачки трудови ќе се увиди дека со исклучок на неколку, скоро сите претставуваат спој на економија, менаџмент и туризам/угостителство. Бројните проекти на кои имам учествувано, исто така, не се воопшто вреднувани.

Од овие причини може да се забележи дека ги задоволувам критериумите за учество во изборот и затоа барам од Рецензентската комисија да го преиспита својот предлог за кандидат, повторувајќи ја постапката за избор со соодветна евалуација и вреднување на мојот досегашен научен и работен ангажман во високото образование во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот. Во прилог доставувам копија од поднесената пријава, со оглед на тоа што останатата документација е на факултетот.

Со почит,
Доц. Д-р Весна Танчева

Струмица, 26.07.2014

Весна Танчева

**До**

**Наставно-научниот совет**
**на Економски факултет**

**Предмет:** Одговор на Приговор од д-р Весна Танчева

Апликантот д-р Весна Танчева има конкурирано на Конкурс за наставник во сите звања од областа менаџмент и финансии, објавен на 1-2 февруари 2014 година во в. „Нова Македонија".

При утврдувањето на кандидати кои ги исполнуваат конкурсните услови, согласно со Исцедовата класификација, беше констатирано д-р Весна Танчева дека не ги исполнува условите што се бараат за наставно-научната област финансии.

Кандидатката има докторирано во областа менаџмент. Од тие причини, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет со Одлука број 1702-60/4 од 24.2.2014 година констатира дека д-р Весна Танчева не ги исполнува условите предвидени со Конкурсот за наставно-научната област финансии.

Како претседател на Рецензентската комисија за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област менаџмент, кандидатката д-р Весна Танчева, согласно со критериумите од Законот за високо образование и критериумите утврдени во Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Универзитетски гласник број 31 од мај 2014 година, Комисијата утврди дека д-р Весна Танчева не ги исполнува условите предвидени со Конкурсот. Имено, објавените трудови се од областа на туризам, гастрономија и хотелиерство. Од овие причини, Комисијата не изврши евалуација на трудовите, затоа што истите не се поврзани со научната дисциплина, односно со наставно-научната област менаџмент која се изучува на Економскиот факултет – Штип. Исто така, Комисијата цени дека Вашиот научноистражувачки опус не е поврзан со областа во која се врши избор.

Штип, 10.8.2014 г.

Претседател на Рецензентска комисија
**Проф. д-р Круме Николоски, с.р.**